АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 13. 10. 2015 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 5853 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** контролен

1. **Субјект на надзорот:** телевизиски програмски сервис на Трговско друштво за радио - дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје

2. **Период опфатен со надзорот:** 2 септември 2015 година

3. **Датум на извршување на надзорот:** 13 октомври 2015 година

4. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите се обврзани дневно да емитуваат најмалку 40% изворно создадена програма во Република Македонија на македонски јазик или на јазиците на немнозинските заедници кои живеат во РМ);

   - **Правилник за обврските за емитување изворно создадена програма, музика, документарна и играна програма** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 180/14)

5. **Претходно изречена мерка:**

*На 24 јуни 2015 година, за непочитување на член 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, директорот на Агенцијата донесе решение за изрекување мерка – опомена (Уп1 бр. 03-872, 24.06.2015 година) на Трговското друштво за радио - дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје.*

*Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

6. **Констатации од надзорот:**

Со контролниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското друштво за радио - дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 2 септември 2015 година, е констатирано дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) **во целост постапил по решението**, односно ја отстранил извршената повреда на член 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

7. Опис на прекршувањето: /

8. Предлог мерка: /

***Сектор за програмски работи***